**20252064104**

## ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Врз основа на член 33-з став (2) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/23, 59/25 и 154/25), директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ ОДНОСНО НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради неиздавање на одобрение за градење односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на одобрение за градење.

Член 2

Барањето заради неиздавање на одобрение за градење односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на одобрение за градење се поднесува на образец во А4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-1187/5
6 октомври 2025 година
Скопје

Директор на Дирекцијата
за технолошки индустриски развојни зони,
д-р **Гоце Димовски,** с.р.

**Прилог**

До Архивата на
Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони

Број ______________
Датум ______________

**Б А Р А Њ Е**

заради неиздавање на одобрение за градење односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на одобрение за градење

Од ______________________________________________________________________ со

(назив на правно лице - подносител на барањето)

______________________________________________________________________

(седиште на правно лице - подносител на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето :

Барам, директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во рокот утврден во член 33-з став (4) од Законот за технолошки индустриски развојни зони да постапи по Барањето за одобрението за градење поднесено под број ______________ на ден _________________ до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, чија копија се доставува во прилог.

Подносител на барање

____________________